**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 8 ноември 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше претседателот на Собранието господинот Љубиша Георгиевски.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да си ги заземат своите места во салата.

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Дванаесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Нeждет Мустафа, Лазар Китаноски, Верица Филипова, Абдуладиi Вејсели, Ѓорѓи Оровчанец и Љубчо Георгиевски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Ги молам службите да ги избројат пратениците уште еднаш.

70 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Судскиот буџетски совет и претседателот на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Записниците од Четвртата, Осмата, Деветтата и Единаесеттата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој има забелешки на записниците? (Нема)

Констатирам дека записниците од Четвртата, Осмата, Деветтата и Единаесеттата седница на Собранието се усвоени без забелешки.

Пратеникот Влора Мемети поднесе оставка.

Констатирам дека согласно член 152 став 1, алинеа 1 од Изборниот законик на пратеникот Влора Мемети и престанува мандатот. Бидејќи пратеникот Влора Мемети беше избрана од листа на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандидатот од оваа листа на кој треба да му се верифицира мандатот за пратеник согласно член 153 од Изборниот законик.

Група од 40 пратеници предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување на поседување прислушни уреди од страна на политичките партии.

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Молам еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Господине Алити вие барате процедурално?

**Рафис Алити:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам. Парламентарната група на коалицијата ДУИ и ПДП на 10.10.2006 година побара интерпелација за министерот за образование и сите рокови се исполнети, интерпелацијата да дојде на дневен ред. Така што, бараме објаснување од претседавачот на седницата зошто не е ставена на дневен ред точката за интерпелацијата, бидејќи сите рокови според Деловникот се исполнети.

Мислам дека на оваа седница треба да биде на дневен ред интерпелацијата за министерот за образование. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Значи, се чека извештај од министерот. Штом стигне извештајот од министерот на првата наредна седница сме обврзани да ја ставиме таа точка на дневен ред и ќе ја ставиме.

Доколку извештајот не стигне во определениот рок за тоа, повторно ќе ја ставиме. Треба да истече определениот рок. Сепак, тоа е процедурата.

**Рафис Алити:** Сите рокови се исполнети. Јас не случајно тоа го реков така. Сигурно министерот досега требало да реагира во оваа насока и вие како претседавач да ја ставите на дневен ред оваа точка, бидејќи сите рокови се исполнети, така што нема потреба да се чека следна седница.

**Љубиша Георгиевски:** Оваа седница беше свикана глобално, самите гледате колку е голема, пред да истече тој рок и затоа, на првата наредна седница ќе биде ставена на дневен ред.

Повелете господине Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани колеги, дозволете ми накратко да објаснам зошто ја покренавме оваа иницијатива и која е итноста што побаравме оваа точка да се стави на оваа седница на дневен ред.

Како што ви е познато на сите и на македонската јавност, нашиот колега почитуваниот пратеник господин Тито Петковски информираше дека 4 политички партии во Република Македонија поседуваат апарати за прислушување. Она што е јасно дека прислушкувањето од страна на поедини политички партии претставува не само грубо кршење на сите принципи на демократијата, туку е многу битна и сериозна злоупотреба и кршење на елементарните човекови права.

Понатаму, со цел да се утврди постоењето на одговорноста кај тие поедини политички партии, ние предложивме да се формира анкетна комисија која што ќе го испита овој случај.

Можам со задоволство да констатирам дека на нашата иницијатива се потпишаа претставници

на сите политички партии, односно парламентарни групи претставени во Собранието на Република Македонија, освен пратениците на Новата социјал-демократска партија.

Воедно, ние предлагаме токму господинот Тито Петковски да биде претседател на оваа анкетна комисија, бидејќи не само што тој ја посочи оваа афера, туку бил долгогодишен претседател на Собранието на Република Македонија, понатаму, долги години бил на самиот врв на СДСМ, а сега е претседател на партија која што ја формира владината коалиција, односно парламентарното мнозинство во овој Парламент.

Со таа цел, бараме да се формира оваа анкетна комисија. Благодариме на сите што се потпишаа, а за итноста мислам дека не треба да образложувам, затоа што оваа афера не е нова, но сега дознавме дека освен надлежните институции во државата и политичките партии поседуваат апарати за прислушкување.

Мислиме дека час побрзо треба да се формира оваа анкетна комисија, конечно да се разреши оваа голема афера во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 65, воздржан 1, против 8 пратеници.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Трајко Вељаноски, Есад Рахиќ, Горан Мисовски, Ристанка Лалчевска, Гарип Каба, Силвана Бонева и Јани Макрадули, предлагаат дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на Одлуката ви е доставен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итната и неодложна потреба, Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор господинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам претседателе.

Група пратеници, вклучувајќи ме и мене, дадовме Предлог-одлука за измена на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија и со таа Одлука предлагаме да се формира делегација во Парламентарното собрание на Медитеранот и сметаме дека за да може да се оформи таа делегација потребно е да се изгласа оваа Одлука и од неодложен карактер е да се изгласа оваа Одлука. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на пратениците Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 66, воздржани и против нема.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија, согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата од Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот Михајло Маневски.

**Михајло Маневски:** Благодарам господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Владата на Република Македонија во презентираната програма во ова Собрание се определи за нулта толеранција и за спроведување на ефикасна борба против корупцијата.

За таа цел, Владата презеде и ќе ги преземе програмираните мерки и активности за сузбивање на ова големо зло. Една од тие мерки и активности е јакнењето на капацитетите на антикорупциските органи и тела. Посебно тоа се однесува за Државната комисија за спречување на корупцијата согласно измените и дополнувањата на Законот за спречување на корупцијата кој се предлага да биде ставен на дневен ред на оваа седница на Собранието.

Битката против корупцијата има приоритетно значење од сите аспекти. Република Македонија е исправена и пред меѓународната јавност и пред граѓаните на Република Македонија да обезбеди ефикасна заштита од корупцијата.

Оттаму, итноста и неодложната потреба од донесувањето на овој закон има посебно значење и заради изборот на членовите на Комисијата врз нова законска основа со распишување на јавен оглас и побрзо именување на членовите на Комисијата, имајќи предвид дека на сегашните членови на Државната комисија им истекува мандатот кон средината на овој месец. Законот има посебно значење и затоа ве молам, почитувани пратеници овој закон да биде ставен на дневен ред, уважувајќи ги овие мои причини што ги изнесов.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 50, воздржани нема, против гласале 16 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам господине претседател, почитувани пратеници,

Процесот на фискализација во Република Македонија се одвива неколку години со ред, со цел да се намали даночната евазија, да се обезбедат средства во Буџетот на Република Македонија и да се надмине сивата економија, со цел да се создаде едно рамно поле за натпревар на економските субјекти. Постигнат е значителен напредок во изминатиот период, но сепак, дел од даночните обврзници сеуште ги немаат фискализирано своите операции.

Владата на Република Македонија е цврсто детерминирана во најкратки можни рокови да го заврши процесот на фискализација. За таа цел, предлагаме еден едноставен Предлог на закон, односно измени во Законот за готовински плаќања, кој што се однесува на можноста, доколку не биде издадена фискална сметка купувачот на стоката, или корисникот на услугата да не ја плати. Тоа е првата одредба од овој Предлог на закон. Понатаму, со неколку членови се усогласуваме кај казните со новиот Закон за прекршоци. Очекувам дека пратениците ќе оценат дека постои итна потреба за ставање на оваа точка на дневен ред. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот да се донесе во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 53, воздржани нема, 16 гласале против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија согласно член 172 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлага Предлогот за донесување на закон со изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај со Предлог на закон, Собранието да го разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот за транспорт и врски.

**Миле Јанакиевски:** Благодарам претседателе, почитувани пратеници,

Овој закон се предлага да се донесе по скратена постапка, бидејќи скратувањето на роковите за донесување на законот е потребно од причина што е неопходно што поитно отпочнување со постапката за издавање на лиценци за вршење на одделни видови на превоз на патници и стоки во внатрешниот и меѓународниот патен сообраќај.

Со издавањето на овие лиценци ќе се издиференцира бројот на превозниците кои можат да вршат ваков вид на превоз, со тоа ќе се намали нелојалната конкуренција во областа на транспортот, односно ќе се елиминира постоењето на дивите превозници, бидејќи во последно време ги има во се поголем број.

Исто така, со предложените измени и дополнувања, понудени се решенија со кои две или повеќе општини со седиште во село во општината и со седиште во град која гравитира да можат заеднички да го организираат превозот на патниците на своите подрачја.

Како причини за донесување на овој закон по скратена постапка е потребата од што побрзо негово донесување заради решенија кои се понудени во делот со кој се регулира и авто-такси превозот.

На крајот би замолил, пратениците да гласаат и овој закон да се донесе по скратена постапка.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Владата, Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници, за гласале 52, воздржани нема, против гласале 15 пратеници.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација, Предлог на одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка, Предлог на одлука за избор на членови и нивни заменици на Совет на собранискиот канал, Предлог на одлука за изменување на одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија, Предлог

на одлука за изменување на одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката и Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот и хартии од вредност.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Заради рационалност, претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основата и неодложна потреба овие предлози да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, господин Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Благодарам претседателе,

Согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, предлагаме на оваа седница, поради итноста и неодложноста да се стават како точки на дневен ред овие предлог одлуки кои вие претходно ги прочитавте.

Комисијата на 6 ноември 2006 година едногласно ги усвои сите овие предлог одлуки и сметаме дека на оваа седница е потребно да се стават како точки на дневен ред и да се изгласаат за да може Собранието во полн капацитет да ги остварува своите надлежности.

Покрај сите делегации потребно е да се формира Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

Исто така е потребно да се формираат парламентарни групи за соработка со другите парламенти од другите држави кои, веќе има одредени најави за закажување на одредени средби.

Многу е битно да се формира и Советот на Собранискиот канал за да може Собранискиот канал да дава свои резултати и да донесува одредени одлуки Советот кој го формира Собранието.

Како што ги прочитавте одлуките потребно е да се донесе и изгласа одлуката на оваа седница и за Комисијата за решавање на жалби од обласа на пазарот на хартии од вредност. Оваа комисија не е формирана, има потреба од формирање на ваква комисија затоа што веќе има жалби по однос на одредени решенија што ги има Комисијата за хартии од вредност.

Сметаме дека овие одлуки се од битно значење на оваа седница да се стават како точки на дневен ред и да се изгласаат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 68 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеника, 65 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, 61 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеника, 68 за, нема воздржани, 1 против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во обласата на енергетиката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеника, 65 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата Предлогот на одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, 61 гласале за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација;

2. Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка;

3. Предлог на одлука за избор на членови и нивни заменици на Советот на Собранискиот канал;

4. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија;

5. Предлог на одлука за изменување на одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката;

6. Предлог на одлука за изменување на претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност;

7. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година;

8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за спречување на корупцијата, со Предлог на закон

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска за соработка во областа на туризмот, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Европската Заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај, со Предлог на закон;

11. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за регистрирање на готовински плаќања, со Предлог на закон;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за превоз во патниот сообраќај, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за стечај, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговијата, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здруженијата на граѓани и фондациите, со Предлог на закон;

16. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за радиодифузна дејност, со Предлог на закон;

17. Барање за давање автентично толкување на член 70 од Законот за основното образование, поднесено од пратеникот Ратко Димитровски;

18. Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување на поседување прислушни уреди од страна на политичките партии;

19. Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија;

20. Предлог на одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија;

21. Предлог на одлука за давање согласност на утврдената стапка на надомест од вкупниот приход на друштвата кои вршат енергетска дејност за финансирање на работењето на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година;

22. Предлог на финансиски план на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија за 2007 година;

23. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување;

24. Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, со Предлог на закон;

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред?

Повелете Никола Поповски.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе,

Предлагам точката број 20 што ја предложивте, Предлог на одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија, да се стави веднаш по точките за избори, тоа значи точка број 7, а другите да се поместат надолу.

Имам неколку предлози, па дали да ги кажувам поединачно да се гласа.

**Љубиша Георгиевски:** Откако ќе го изгласаме дневниот ред, а за распределба на точките после ќе се договараме и ќе продолжиме.

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 54 пратеника, за гласале 48, воздржан 1, против 5.

Во салата се присутни над 70 пратеници,сигурно.

Дали некој предлага да се преброиме?

Ако не, да продолжиме.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Првиот предлог ми е точката број 20 да биде точка број 7 и сите надолу да се поместат соодветно.

Другиот предлог ми е ...

**Љубиша Георгиевски:** Предлагам за да не настапи галиматијас точка по точка да гласаме.

Првиот предлог е точката 20 да се стави како точка 7.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 75 пратеника, од кои 47 за, воздржани 3, против 25.

Констатирам дека предлогот е прифатен, точката 20 станува точка 7.

Одиме понатаму, повелете господине Поповски.

**Никола Поповски:** Претседателе, исто така предлагам точката број 18 Предлог на одлука за основање на анкетна комисија за испитување на поседување прислушни уреди од страна на политичките партии, со оглед дека е од сличен карактер како точките од 1 до 6 кои се ставија на прво место, да се стави во новата констелација како точка број 8 и сите соодветно да се поместат надолу. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 79 пратеника, од кои за гласале 32, воздржани 4, против 43.

Според тоа, предлогот не е усвоен.

Дали имате уште предлози? Повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам претседателе.

Со оглед дека на самата седница се ставија три закони за кои, според мое видување, министрите повеќе образлагаа што е законот отколку што е итната постапка за тие закони, практично никој не соопшти  зошто итно се бара туку ги образлагаат законите.  Предлагам тие три закни, закнот под број 8, 11 и точка 12 да се стават како последни три тички од дневниот ред, за да можеме да ги разгледаме и да можеме да дебатираме по нив.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на галасање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 85, за гласале 33, воздржани 2, против 50.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Има збор господинот Иван Анастасовски.

**Иван Анастасовски:** Благодарам почитуван претседателе,

Јас барам точката 19 од она што го прочитавте Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународната соработка на Собранието на Република Македонија, да оди веднаш зад она што значи првите измени од господинот Никола Поповски што беа прифатени. Тоа би била точка 8 пред ребалансот.

Предлагам точката 19 да биде точка 8. Таа е иста како првите 7, во ист контекст е.

**Љубиша Георгиевски:**  Предлогот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеника, од кои 65 за, 2 воздржани, 7 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Има збор господинот Џеват Адеми.

**Џеват Адеми:** Ви благодарам.

Предлагам точката 10 Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата помеѓу Европската Заедница и Република Македонија за некои аспекти на воздушниот сообраќај, со Предлог на закон, да биде прва точка од дневниот ред.

**Љубиша Георгиевски:** Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 77 пратеника, од кои 25 за, 1 воздржан, против 51.

Констатирам дека предлогот не  е усвоен.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

(Пратениците го бараат дневниот ред).
Во меѓувреме ќе го поделиме, немаме друг начин или да правиме пауза, што не е практично. Подобро е да се подели анпасан затоа што со таа намера е дадено предимство на овие неколку точки, бидејќи се прилично неспорни, тоа ми го говорат извештаите од седниците на комисиите.

Да сме попронтни, ако немате ништо против.

Не, го прочитав дневниот ред. Да, ќе го поделиме не е проблем. Без тоа неможиме да работиме. Тоа е основниот компас.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 71 пратеник, 67 за, воздржани 4, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседател, потпретседатели, членови и нивни заменици на Делегацијата на Собранието на Република Македонија во Парламентарниот комитет за стабилизација и асоцијација.

**Минуваме на точката 2** - **Предлог на одлука за основање на пратенички групи на Собранието**

**на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, 73 за, 1 воздржан, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка.

**Минуваме на точката 3- Предлог на одлука за избор на членови и нивни заменици на Совет на собранискиот канал.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74 пратеници, за гласале 72, воздржани 2, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе одлуката за избор на членови и нивни заменици на Совет на собранискиот канал.

**Минуваме на точката 4 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за разрешување, именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59, за гласале 56, воздржани 2, против еден пратеник.

Мислам дека има повеќе од 70 пратеници, но нека се пребројат пратениците.

(Службите ги пребројуваат пратениците.)

83 пратеници се во салата.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претседател и членови на Советот за статистика на Република Македонија.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на одлука за изменување на Одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?(Никој.)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65, за гласале 64, воздржан 1, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување одлуката за именување на претседател, членови и нивни заменици на Комисијата за решавање на жалби во областа на енергетиката.

**Минуваме на точката 6 - Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност.**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?(Никој.)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67, сите 67 гласале за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за именување на претседател и членови на Комисијата за решавање на жалби од областа на пазарот на хартии од вредност.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на одлука за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?(Никој.)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 73, сите 73 за.

Констатирам дека Собранието ја Одлуката за надоместок на трошоците на организаторите на изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани пратеници во Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 8 - Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за**

**основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија.**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?(Никој.)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 74, сите 74 за.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија.

**Минуваме на точката 9 - Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.**

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Министерот за финансии побара збор..

Повелете господине Славески.

**Трајко Славески:** Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Имам чест во име на Владата на Република Македонија да го претставам пред вас Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2006 година.

На почетокот би сакал да ве поздравам и да ви посакам конструктивна и ефикасна работа.

Денеска, почитувани пратеници, на дневен ред го имаме Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, при што поставените цели на фискалната политика за 2006 година и понатаму остануваат непроменети, односно во целост дизајнирани во функција на остварување на стратешките приоритети:

-Забрзување на интеграционите процеси во Европската унија и НАТО;

-Задржување на макроекономската стабилност ;

-Стабилизирање на нивото на јавниот долг во Република Македонија, како и релаксирање на монетарната политика.

Владата на Република Македонија, следејќи ја реализацијата на приходите и расходите во изминатиот период, оцени дека е потребно соодветно приспособување на одделни буџетски апропријации до крајот на оваа година.

Почитувани дами и господа,

Постојниот Буџет на Република Македонија беше донесен на крајот на декември 2005 година, согласно дефинираната макроекономска рамка и очекуваните движења во економијата. Во текот на 2006 година се очекуваше продолжување на истите макроекономски перформанси од претходната година. Имено, макроекономската рамка беше дизајнирана на начин што ќе обезбеди раст, реален раст на бруто домашниот производ од 4%, дефицит на основниот Буџет во висина од 0,6% од бруто домашниот производ и просечна инфлација од околу 2%.

Сепак, актуелните движења во реалната економија во периодот јануари-октомври 2006 година не соодвествува со иницијалните проекции.

Во реалниот сектор, во првите девет месеци од годинава, кумулативниот индекс на индустриското производство се зголеми за 2,2% на годишна основа.

Отфрлањето во областа на индустријата главно се должи на негативните остварувања во секторот “Снабдување со електрична енергија, гас и вода”, како и релативно нискиот раст во областа на преработувачката индустрија.

Очекуваното динамизирање на економската активност во последниот квартал, би требало да доведе до остварување на стапка на раст на индустријата од околу 2,7% во 2006 година, при што и понатаму ризик останува енергетскиот сектор.

Отстапување по однос на проекциите е присутно и на полето на инфлацијата, каде според проекциите се очекуваше постигнување на просечна стапка на инфлација од 2% за 2006 година.

Високиот пораст на цената на нафтата и нафтените деривати на светските берзи, порастот на цените на тутунот и тутунските производи, како резултат на измените на кризата, како и значително повисокиот пораст на цените за исхрана, придонесоа стапката на инфлација, мерена преку трошоците на живот во десетте месеци од 2006 година да изнесува 3,2%. До крајот на годината се очекува стапката на инфлација да го задржи ова ниво.

Во првите осум месеци од 2006 година е остварен значителен пораст на обемот на стоковната размена со странство. Односно, извоззот на стоки забележа пораст од 11,9% при истовремено зголемување на увозот за 13,4% во однос на истиот период лани. Ваквите движења придонесоа за пораст на дефицитот во размената со странство во висина од 121,6 милиони долари, достигнувајќи 885,6 милиони долари. До крајот на 2006 година се очекува натамошно зголемување на стапките на раст и на извозот и на увозот на стоки, така што трговскиот дефицит ќе забележи повисок раст од првичните проекции. Имено, наместо проектираниот трговски дефицит од 19% во бруто домашниот производ, се очекува остварување од 21,1%

учество на дефицитот во трговската размена во бруто домашниот производ.

Почитувани пратеници,

Актуелната состојба во Република Македонија налага спроведување на длабоки и сеопфатни реформи во речиси сите аспекти на економијата, почнувајќи од даночната и социјалната сфера, енергетиката, целокупната деловна клима и тн.

Токму од тие причини, Владата веднаш започна со спроведување на структурни реформи. Оттука, до крајот на годинава се очекува интензивирање на економската активност и пораст на бруто домашниот производ од 3,9%, при што главниот придонес врз растот се очекува од страната на приватната потрошувачка и бруто инвестициите.

Согласно проекциите, приватната потрошувачка ќе се зголеми за 4,3% на годишно ниво, така што нејзиниот придонесе во растот на бруто домашниот производ ќе изнесува 3,3 процентни поени. Растот на приватната потрошувачка се должи на реалниот годишен пораст на вкупно просечните нето плати од 3,9% во периодот јануари - август 2006 година, понатаму порастот на вработеноста, како и порастот на одобрените банкарски кредити на приватниот сектор. Истовремено, стапката на раст на инвестициите во однос на 2005 година ќе изнесува 10%, што претставува придонесе од 2,1 процентен поен од вкупниот раст на бруто домашниот производ. Јавната потрошувачка ќе биде на повисоко ниво во споредба со минатата година, со позитивен придонес кон создавањето на бруто домашниот производ

Поради посилниот извоз, во однос на увозот, нето извозот во 2006 година ќе има негативно влијание врз бруто домашниот производ од околу 2 процентни поени.

Во вкви услови би сакал уште еднаш, јавно да ја потенцирам преземената обврска на Владата на Република Македонија за динамизирање на економските реформи во наредната година. Целта е единствена - остварување на стапки на раст на среден рок од 6 до 8%, односно двојно зголемување на животниот стандард на граѓаните за десетина години.

Почитувани пратеници,

Дозволете ми поконкретно да ги образложам причините и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, во услови на неопходно забрзување на реформските активности и зајакнување на фискалната дисциплина, со цел обезбедување на долгорочна фискална одржливост. Таквата стабилност мора да се одржи и сега и во иднина со единствена цел за брзо приклучување кон развиените пазарн економии.

Главен акцент на претстојните реформи ќе биде даден на активностите насочени кон подобрување на инвестицискаста и деловната клима во економијата, висока либерализација и флексибилност на пазарот на трудот, значително подобрување на ефикасноста на судскиот систем, обемна реформа во јавниот здравствен сектор што традиционално апсорбира огромен дел од јавната потрошувачка, како и продолжување на реформите во управувањето со јавниот сектор, јавната администрација и во финансискиот сектор.

Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, односно соодветното корегирање на приходите и расходите се темелат на следните претпоставки:

-Зголемена реализација кај одделни даночни приходи;

-Очекувано поголемо ниво на уплата на дивидента од АД Македонски телекомуникации од проектираното;

-Вклучување на надоместотиците од тутунот што не беа опфатени со иницијалните проекции со Буџетот на Република Македонија за 2006 година;

-Вклучување на ефектот од новото законско решение за намалување на данокот за додадена вредност кај земјоделските репроматеријали и механизација;

-Реализација на значителни приливи по основ на приватизации;

-Наплата односно плаќање по извршни судски решенија од Буџетот на Република Македонија;

-Значителни износи на преземени неизмирени обврски од страна на буџетските коризници;

-Активирана гаранција од Буџетот на Република Македонија;

-Зачленување на поголем број на осигуреници во приватните пензиски фондови од проектираниот и

-Обезбедување на финансиски средства, со цел надминување на присутниот енергетски проблем.

Согласно наведените претпоставки, со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година се рефидираат иницијалните проекции на приходите и расходите, при што фискалната политика до крајот на годината ќе се реализира во рамки на планираните вкупни расходи во износ од 111.365 милиони денари, истите ќе се финансираат од планираното ниво на вкупни приходи во износ од 109.033 милиони денари.

Вака ревидираните приходи и расходи не ја менуваат фискалната рамка утврдена со Буџетот, односно Буџетот на Република Македонија се предвидува да оствари дефицит во износ од 2.332 милиони денари, односно 0,8% од планираниот бруто домашен производ за оваа година.

Зголеменото ниво на дефицит во однос на иницијално утврдениот дефицит што изнесуваше 0,6% од бруто домашниот производ, за 0,2 процентни поени е резултат на подмирување на неизмирените обврски на Фондот за здравствено осигурување со средствата остварени со приватизацијата на Градските аптеки.

Одржувањето на ниско ниво на дефицит, како јасно дефинирано фискално сидро ќе обезбеди зголемување на кредибилиетот на државата, бенефиции од економските очекувања и значителна поддршка на режимот на фиксен девизен курс.

Во рамките на ваква планираното ниво на дефицит, Владата на Република Македонија предлага решение за надминување на проблемите со снабдување на електрична енергија што се очекуваат во периодот ноември 2006 година - април 2007 година.

Енергетскиот проблем со кој се судрува Република Македонија резултира од следново:

Во општиот недостиг на електрична енергија на регионалниот пазар, како резултат на зголемените потреби за енергија во регионот, а притоа драстичното намалување на можностите за набавка при исклучувањето на нуклеарната електрана “Козлодуј” во Бугарија, што треба да се случи на 01.01.2007 година.

Понатаму, ненавременото ангажирање на електрична енергија преку необјавување на тендер за набавка, на поранешниот Управен одбор на АД МЕПСО.

Непланираните ремонтни активности на РЕК Осломеј и РЕК Битола во текот на октомври и ноември 2006 година, како последица на неизвршени ремонтни активности, во летото 2006 година.

Понатаму потпишувањето на Протоколот за испорака на електрична енергија, со СИЛМАК, во периодот од октомври 2006 до март 2007 година, по завршувањето на договорот за испорака на електрична енергија на 30 септември 2006 година.

Непланираното отпочнување со работа на Скопски легури, во речиси двегодишни неисполнети најави на рестартирање на работата на компанијата.

Отпочнување со работа на втората технолошка линија на ФЕНИ индустри, надвор од договорените обврски за 2006 година.

Проблемите кои ги создаваат повеќето големи потрошувачи, заради неусогласеност помеѓу најавените потреби и остварената потрошувачка на електрична енергија, при што се јавуваат отстапувања дури и поголеми и од 20%.

Единствен излез од оваа ситуација, почитувани пратеници е веќе извршеното вклучување на ТЕЦ Неготино во производство со два котли, кои во текот на ноември би произвеле околу 130 мега ват часови елекрична енергија.

Од овие причини, кон предложените измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, Владата амандмански предлага, буџетските алокации од поголем број буџетски корисници да бидат реалоцирани за набавка на дополнително потребни 100 илјади тони мазут за работа на ТЕЦ Неготино, во периодот ноември 2006 - февруари 2007 година, покрај веќе постојните 20 илјади тони мазут во стоковните резерви, во вкупен износ од 1,2 милијарди денари.

Почитувани пратеници, имајќи предвид дека централниот буџет предизвикува посебен интерес, подетално би се осврнал на измените и дополнувањата во овој дел од Буџетот на Република Македонија. Имено, со измените и дополнувањата, вкупните приходи на централниот буџет се ревидирани на ниво од 75.245 милиони денари, или 5,78 милијарди денари повеќе во однос на приходите планирани со иницијалните проекти за 2006 година.

Даночните и царинските приходи за 2006 година се оценети во износ од 58.280 милиони денари, а истите се базираат на досегашните реални остварувања за периодот јануари - август и оценката за остварувањата до крајот на 2006 година.

Приходите од персоналниот данок на доход за 2006 година се предвидува да изнесуваат 8.256 милиони денари, што претставува зголемување за 205 милиони денари во однос на планот предвиден со Буџетот за 2006 година. Ова зголемување е резултат на поголемите остварени приходи во периодот јануари - август 2006 година, во однос на планот за истиот период, за 11,7%, како и планираното пооптимистичко ниво за останатиот период до крајот на 2006 година.

Во 2006 година, по основ на данокот на добивка се планираат приходи во висина од 4.423 милиони денари кои претставуваат зголемување на приходите во однос на планираните приходи со Буџетот за 2006 година, во износ од 1.238 милиони денари.

Зголемувањето на приходите од данокот на добивка резултира главно од намалување на определени ослободувања кои се во примена од 1 јануари 2006 година, а кои тековно се користат.

Оценетите приходи од ДДВ, во 2006 година изнесуваат 27.374 милиони денари и се за 960 милиони денари помали во однос на планот предвиден со Буџетот за 2006 година. Ова намалување произлегува од отстапувањето во остварувањето на приходите од планираните за 3,38%, во првите девет месеци од оваа година, а што особено произлегува од отстапувањата во наплатата за јануари и февруари 2006 година, за што влијание имаше не одлагањето на ДДВ долгот во декември 2005 година, како и примената на новиот Царински закон за одлаглање на царинскиот долг.

Врз намалувањето на приходите од ДДВ до крајот на годината, во еден дел ќе влијаат и ефектите од намалувањето на ДДВ односно на стапката на ДДВ од 18% на 5%, на импутите во земјоделието, кои се применуваат од 1.10.2006 година.

Приходите од акцизи за 2006 година се оценети во висина од 11.004 милиони денари, односно во однос на планираните приходи со Буџетот за 2006 година претрпуваат намалување од 798 милиони денари. Намалената оценка резултира

од намалување на реализираните приходи од акцизи, во однос на планираните за истиот период, за 6,8%, која тенденција е применета во планираното остварување од акцизи, до крајот на годината.

Оценетите приходи од царините во 2006 година изнесуваат 5.483 милиони денари, што претставува зголемување од 635 милиони денари во однос на планот за 2006 година. Ова зголемување произлегува од остварувањата на приходите, од планираните за 13,2% во првите девет месеци оваа година, а што произлегува од зголемениот увоз во однос на истиот период минатата година. Значи се работи за зголемување од 13,2%.

Зголемената проекција на другите даночни приходи, за значителни 880 милиони денари, се должи на вклучување на надоместоците воведени согласно Законот за заштита на животната средина, Законот за тутун и Законот за здравствена заштита за 2006 година. Очекуваното остварување од овие даночни приходи до крајот на годината, базира на нивното просечно остварување во третиот квартал на 2006 година, како ново воведени давачки кои влегоа во примена во различни периоди во 2006 година.

Повисокото ревидирање на вкупните приходи се должи на ревидирањето на неданочните приходи кои се планирани во износ од 13.434 милиони денари, а пред се поради повисокото очекувано ниво на дивиденда во АД “Македонски телекомуникации” во однос на планираната со Буџетот за 2006 година, како и ревидирање на неданочните приходи што буџетските корисници ги остваруваат на сопствените сметки.

Капиталните приходи, со измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2006 година, се планирани на ниво од 700 милиони денари кое вогласно се должи на реализацијата на капиталните приходи од продажба на градежно земјиште.

Почитувани пратеници,

Пред подетално разгледување на расходната страна на Централниот буџет, би ја истакнал значително неповолната состојба што ја затекнавме, особено со комулираните неизмирени обврски за комуналните и договорни услуги. Имајќи предвид дека таа состојба во голем дел ја влошува деловната клима во земјата и особено во Секторот јавни услуги, подеднакво централни и локални, приоритетно се определивме за обезбедување на средства со кратење на сите непродуктивни расходи, за нивна исплата, апелирајќи кај сите буџетски корисници за максимално домаќинско однесување со буџетските средства. Освен тоа оваа состојба е значително влошена и очекуваме тоа да продолжи во наредниот период, заради пристигнување на поголем обем на извршни судски решенија кои соодветно на тоа ја нарушуваат планираната и наменска реализација на буџетските расходи.

И трето, заради реализирање на обврски преземени од претходната Влада, по други основи, без за тоа да се обезбедат потребните финансиски средства. Тоа првенствено се однесува за земјоделците на кои им беше ветена помош при откупот на земјоделски производи.

Со измените и дополнувањата на Централниот буџет, вкупните расходи се планирани во висина од 76.254 милиони денари, или за околу 5.771 милион денари повеќе, во однос на иницијалниот буџет. Значителен дел од околу 1.900 милиони денари од ваквото зголемување се должи на зголемување на расходите кои буџетските корисници ги финансираат од сопствени приходи, донации и кредити.

Структурно набљудувано, тековните расходи се ревидирани на ниво од 64.609 милиони денари односно зголемување од околу 7% во однос на првично планираните.

Зголемувањето на тековните расходи се должи на потребата од буџетирање на расходите кои произлегуваат од:

1. Примената на колективните договори, во делот на расходите за плати, за која намена се обезбедени дополнителни 100 милиони денари, со што ќе се реализира усогласувањето на платите во образованието, културата, социјалната и детската заштита до крајот на годината. Потребата од овие дополнителни средства произлезе од намалениот период за усогласување и тоа од иницијално планираните две години. Истото е договорено да се реализира за само една година. Ефектот од намалувањето на рокот за усогласување на платите ќе биде значителен во наредната година.

2. Зголемување на средствата наменети за стоки и услуги, со цел подмирување на значителни износи на доспеани а неизмирени обврски, особено кај комуналните и договорните услуги. За оваа намена дополнително се обезбедени околу 1100 милиони денари, од кои 600 милиони се однесуваат за покривање на неизмирените обврски по основ на комунални услуги, а само образованието по овој основ должи околу 200 милиони денари.

Тој вид на расходи неопходно е да биде во целост исплатен, со цел непречено функционирање на органите на управата, особено надминување на веќе појавените проблеми со затоплувањето на училиштата, социјалните установи и градинките.

Една мала дигресија, треба да се оддаде признание за разбирањето на давателите на услугите кои се согласија да обезбедат непречено снабдување со електрична енергија и топлинска енергија кај буџетските корисници, особено во социјалните дејности вклучително и образованието се до донесувањето на овој ребаланс на Буџетот за што нашите буџетски корисници ќе си ги платат сметките, се разбира доколку пратениците го изгласаат овој ребаланс на Буџетот.

Подмирување на дел од расходите кои во изминатиот период присилно беа реализирани по однос на извршни и судски решенија. Со измените и дополнувањата на Буџетот за 2006 година се обезбедени дополнителни 350 милиони денари за исплати по основ на извршни и судски решенија што е неминовност, имајќи предвид дека Буџетот за 2006 година во значителна мера е оптоварен од овој вид на непланирани расходи. Во изминатиот период се реализирани околу 600 милиони денари од Буџетот на Република Македонија кои се реализираа во корист на физички и правни лица по најразлични основи.

Обезбедување на дополнителни средства за програмите во земјоделието, имајќи предвид дека во првото полугодие од годината значителен износ од овие средства се наменија за откуп на тутунот и пченицата, а за останатите мерки од програмите неминовно е обезбедување на дополнителни средства. Со ребалансот е предвидено значително зголемување на програмата за поттикнување на земјоделието и програмата за здравствена заштита на животните. Вкупното зголемување за овие програми од околу 720 милиони денари ќе обезбеди непречена реализација на истите, односно до крајот на годината на индивидуалните земјоделци ќе им биде исплатена финансиска поддршка за предадениот тутун која не е реализирана во целост, како и за произведената и предадена пченица, јачмен, лозови насади и пченка, а истовремено и поддршка за сточарското производство.

Со дополнително обезбедените средства со ребалансот ќе се покријат неизмирените обврски на Управата за ветерина по однос на здравствена заштита на животните за 2005 година и ќе се реализираат во целост програмските активности за тековната година меѓу кои најзначајни се мониторинг за болеста на луди крави кај говедата и болеста скрепи кај овците, обележување на говедата и мониторинг согласно барањата на Европската комисија.

Со овој ребаланс на расходната страна ќе се обезбедат дополнителни средства во износ од 500 милиони денари за покривање на транзицискиот дефицит на Фондот за пензиско осигурување согласно поголемиот број на осигуреници кои се зачленија во приватните капитално финансирани пензиски фондови. Значи, дополнителни 500 милиони денари покрај првично проектираните 1,3 милијарди денари како трошок за премин кон вториот столб на пензиското осигурување.

Се обезбедуваат трансфери за единиците на локалната самоуправа кои се планирани на повисоко ниво, имајќи предвид дека противпожарните единици преминаа на локално ниво по донесувањето на Буџетот за 2006 година.

Понатаму потребата за редовно сервисирање на законските обврски во социјалната сфера доведе до дополнителна алокација на буџетски средства за исплата на социјални надоместоци во износ од 250 милиони денари.

Потребата од обезбедување на средства за набавка на мазут за ТЕЦ Неготино со цел интервентно надминување на енергетскиот проблем е следната ставка на расходната страна од Буџетот. За оваа цел кон предложените измени и дополнвања на Буџетот за 2006 година заради интервентноста, или интервентната потреба тоа Владата првично го усвои, или ги усвои измените и дополнувањата на Буџетот. Владата амандмански предлага да се итнервенира во веќе доставениот Предлог со што се обезбедува трансфер за АД МЕПСО по износ од 1200 милиони денари.

Почитуван претседателе, овде јас имам една замолница, затоа што овој амандман не е предложен од Владата сеуште до овој момент. Во 13,00 часот Владата на Република Македонија започнува со својата седница и тогаш ќе биде усвоен и предложен амандманот кој ќе биде благовремено доставен до Собранието во рамките на деловничките определби за доставување на амандмани од страна на Владата, додека трае претресот по Предлогот за изменување и дополнување Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

Во делот на капиталните расходи предвиденото зголемување се должи на зголемени плаќања на данокот на додадена вредност кај капиталните проекти финансирани од странски донации, како и за активираната гаранција за АД ЕЛЕМ.

Почитувани пратеници, ревидираните проекции на приходите и расходите на централниот Буџет не предизвикуваат поместување кај дефицитот на централниот Буџет, односно со измените и дополнувањата истиот изнесува една милијарда денари, односно го задржува нивото од 0,3% од планираниот бруто домашен производ за 2006 година.

Финансирањето на планираниот буџетски дефицит и редовното сервисирање на обврските по основ на домашниот и надворешниот долг ќе се обезбеди целосно од домашни извори, односно од реализираните приливи, од приватизација и од емисијата на државните хартии од вредност. Овие приливи на Буџетот освен што ќе обезбедат финансирање на дефицит и главница по основ на задолжувања истовремено овозможуваат зголемување на депозитите на Буџетот во Народна банка на Република Македонија што е во согласност со кородинираната монетарна и фискална политика.

Почитувани пратеници, на крајот сакам да истакнам дека ваквото ревидирање на фискалните индикатори е согласно склучените структурни и развојни аранжмани со меѓународните финансиски институции и истите се потврдени и во текот на последните мисии на ММФ и на Светска банка. Воедно овие значајни финансиски институции ги поддржаа заложбите на Владата за крупни реформски мерки, особено во фискалната сфера за кои можам да најавам

дека ќе бидат дел од Предлог-Буџетот за наредната година што набрзо, можеби и до крајот на овој месец ќе ни биде доставен на разгледување и усвојување.

Имајќи го во предвид изнесеното, почитувани пратеници искрено ве повикувам да ги поддржите предложените измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2006 година.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова-Каревска:** Благодарам претседателе,

Врз основа на член 79 од Деловникот на Собранието на Република Македонија во името на пратеничката група на ЛДП, барам пауза од 1 час по поделувањето на стенографските белешки и притоа не вклучувајќи ја редовната пауза.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза од 1 час.

**Роза Топузова-Каревска:** Од поделувањето на стенографските белешки, значи да ни се поделат стенографските белешки од Експозето, потоа имаме пауза 1 час и продолжуваме со работа.

**Љубиша Георгиевски:** Имаме пауза за ручек од 14,00 до 15,00 часот, тоа е еден час, 1 час барате пауза од сега, или од моментот кога ќе бидат поделени стенографските белешки?

**Роза Топузова-Каревска:** Од моментот кога ќе бидат поделени стенографските белешки од Експозето на министерот за финансии.

**Љубиша Георгиевски:** По Деловник не може повеќе од 1 час пауза. Затоа е проблемот. Ако никој не го спори тоа, нека биде така.

**Роза Топузова-Каревска:** Секогаш така сме работеле.

**Љубиша Георгиевски:** Пауза до 15,00 часот.

(Пауза од 12,55 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,04 часот)

**Љубиша Георгиевски:**

Ги молам пратениците да влезат во салата и да ги заземат своите места.

Продолжуваме со седницата.

Збор има господин Слободан Најдовски.

Процедурално, повелете.

Процедурално имате збор господине Манасијевски.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе,

Имено, процедуралната интервенција ја барам врз основа на дел од излагањето на министерот за финансии. Министерот за финансии најави дека до Собранието ќе биде доставен амандман што, со кој што од предложениот ребаланс ќе се ребалансираат околу милијарда и двеста милиони денари или околу 25% од вкупната сума што е предмет на самиот ребаланс.

Бидејќи се работи за исклучително голем износ, врз основа на член 170 од Деловникот и член 76 од Деловникот каде што експлицитно стои дека ако усвојувањето на амандманот би предизвикало побитни измени на текстот на Предлогот на законот, за амандманот не може да се одлучува на седница на Собранието ако надлежните работни тела и Законодавно-правната комисија не го разгледале и не поднеле извештај за тој амандман.

Одтаму барам, бидејќи се работи за многу битни изменувања во повеќе расходни ставки, во повеќе програми и кај повеќе буџетски корисници да надлежните комисии, во текот на денешниов ден, расправаат за овој владин амандман и потоа, врз основа на нивните извештаи на пленарна седница Собранието да може полноважно да одлучува.

Имено, пластично, за што се работи? Ние, со ребалансот на буџетот добивме предлог со кој што средствата, на пример во земјоделието, се ребалансираат за една милијарда нагоре. Сега, од неофицијалните најави разбираме дека нема да биде ребалансирањето за милијарда, туку 720.000.000. Тоа значи дека треба Комисијата за земјоделие да расправа од каде сега овие 280.000.000 во програмите за земјоделие ќе се симнат. Или, на пример, во делот на Министерството за внатрешни работи. Со ребалансот, разговаравме на надлежните комисии, поддржавме и одобривме ребалансирање на преку 230.000.000. денари нагоре. Сега разбираме дека ќе има ребалансирање надолу за 200.000.000.

Така што, нужно е, надлежните собраниски тела, надлежните комисии повторно да расправаат, затоа што е очигледно дека со најновиот амандман на Владата суштински се менува предлогот по кој што собраниските тела во изминативе седум дена дебатирале.

Одтаму, моето барање е и барањето на пратеничката група на ЛДП е во текот на ова попладне да заседаваат собраниските надлжни комисии, да поднесат извештаи и утре да се продолжи со пленарната седница. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски** : Сега, засега, до овој момент не дошол амандманот. Кога ќе дојде ќе процедираме како што треба.

Инаку, сега користам можност да ви кажам дека, поради протоколарни мои обврски, оваа седница ќе прекине во 17,00 часот. Ако се појави таква потреба, комисиите ќе можат во текот на попладнево да заседаваат.

Гледам дека министерот бараше збор.

Во ред, не барал, ништо.

Во ред е процедурата. Треба прво да се појави. Сега засега сме сеуште на општиот претрес. Затоа предлагам да продолжиме со општиот претрес.

Повелете Манасијевски, баравте збор.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе на разбирањето.

Секако министерот најави, секако ќе добиеме амандман со кој што 25% од сумата ќе се ребалансира. Бидејќи се работи за околу милијарда и 200.000.000 денари, јасно е дека ќе има ефект на многу буџетски корисници. Што значи, сосема е јасно дека ќе има потреба од повторна расправа на надлежните тела затоа што е очигледно дека ребалансот што се разговараше на собраниските тела драстично ќе биде изменет.

Одтаму, независно од содржината на самиот амандман, неговата природа налага да повторно се расправа. Би ве змолил да Вие упатите на заседание на надлежните собрнаиски тела, нивните претседатели, се разбира, одкако ќе се добие амандманот и кога претседателите на надлежните собраниски тела ќе проценат дали тоа зголемување е релевантно. Така што, ако продолжиме со дебатата на општиот претрес би било безпредметно, затоа што сега не ги знаеме точните елементи на ребалансот. Затоа што очекуваме да го добиеме владиниот амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Изгледа не се разбравме. Затоа велам, сега имаме општ претрес по законот. Важно е овој амандман да биде расчистен и кога ќе поминеме на конкретна расправа за законот. Изгледа затоа не се разбравме.

Повелете господине Макрадули. Во секој случај во принцип сте, точно, во правото мора да оди. Процедурално ли е господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Да.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе,

Би сакал во име на пратеничката група на Социјал Демократскиот Сојуз да го поддржам ова барање на господинот Манасиевски како предлог од пратеничката гурпа на ЛДП.

Сметам дека предлогот е  не само деловнички, туку и многу разумен, бидејќи кога станува збор за ребалансот пет кома нешто милијарди денари,а сега Владата подготвува амандман по зборовите на министерот од 1,2. милијарди денари постои реална опасност некој пратеник во општата расправа да ги пофали заложбите  на Владата што одвоила толку пари за земјоделие и потоа да испадне, да не употребам некој збор, смешен, бидејќи Владата во меѓувреме тие ги скратила. Или да пофали реформи односно поддршка на реформите во Министерството за внатрешни работи, а потоа да бидат скратени тие средства.

Затоа, во интерес на кредибилитетот на сите пратеници би ве замолил, за да не барам пауза од има на пратеничката група од еден час, не би сакал тоа да го направам, да го прифатите овој педлог, да ги задолжите работните тела на Собранието да заседаваат, мислам дека е безпредметно да зборуваме кога 25% од ребалансот што ни е понудено од страна на Владата денеска ќе биде променето. Можеби некои ставки воопшто ќе ги нема, треба сериозно да пристапиме кон онаа дискусија што ние сме ја подготвувале, да видиме, да ја ревидираме.

Навистина би апелирал и до министерот за финансии да ги прифати овие наши, пред се тоа се однесува на вас, навистина да не направиме пауза од еден час, па да чекаме заради вашите протоколарни обврски, да не играме така.

Мислам дека треба да има подготвеност од парламентарното мнозинство да влеземе во овој процес, инаку, што се однесува до членот 170, мора, на барање на пратеници, ако побараат да заседава Комисијата, да се гласа. Затоа би апелирал денеска да се направи обид да заседаваат работните тела, министерот, господинот Славески да го елаборира она што го најави во експозето и утре да продолжиме подготвени да дадеме амандмани. Се надевам дека нема повторно да ни го ускратите правото да поднесеме амандмани на овие амандмани што ќе дојдат од Владата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Вие сте потполно во право освен едно. Целата ситуација виси на една потенцијалност. Ние уште немаме амандмани. Најавен е амандманот.

Дали министерот може да го потврди амандманот? Да го слушнеме министерот затоа што тој е само најавен, а друго е кога ќе го имаме на маса.

Повелете господине министре.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе,

Секако најавив дека еден од најсериозните амандмани се однесува на ова што е предмет на расправа сега. Седницата на Владата што беше закажана за 13,00 часот е одложена за 15,00 часот. До овој момент материјално нема амандман.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, јас ќе го искористам деловничкото право од име на пратеничката група на СДСМ навистина во интерес на сите пратеници да побарам пауза од еден час, да не влеземе во расправа за нешто што потоа ќе биде најавено дека ќе биде изменето, бидејќи ние му веруваме, како пратеничка група на СДСМ, на експозето на министерот Славески. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Дали може 45 минути за да има резон за да продолжиме оти во 17,00 часот и онака прекинуваме. Пак се тоа можности, пак се тоа контингенции, немаме ништо сигурно. Треба да разберете дека мора така, утре ќе ме критикувате во обратен случај дека не постапувам како што треба.

45 минути пауза.

(По  паузата седницата продолжи во 16,02 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Дами и господа, продолжуваме со седницата.

По однос на процедуралните интервенции, работите ќе стојат вака.

Амандманот од Владата сеуште не е готов. Јавено ми е дека секој момент ќе пристигне. Тоа значи дека предлагам следна разврска.

Сега да ја прекинеме седницата и да ја продолжиме утре во 12,00 часот, но во меѓувреме од сега до утре до 12,00 часот Комисијата за земјоделие, Комисијата за финансирање и буџет да го сочекаат амандманот и да направат свои термини до утре во 12,00 часот да се готови со извештаите.

Јас мислам дека амандманот ќе дојде не подолго од половина час. Организирајте се, ќе биде доставен на комисиите за земјоделие и финансирање и буџет, можете да закажете седница сега, можете утре претпладне, главно до 12,00 часот комисиите да бидат готови со извештаите, имате доволно време, не треба да се драматизира работата и утре во 12,00 часот ја продолжуваме седницата.

Ви благодарам на вниманието.

Повелете господине Положани, кажете.

**Азиз Положани:** Колку мене ми е познато утре во 11,00 часот има седница Комисијата за европски интеграции.

Мислам дека е многу тесно истите работи да бидат завршени до 12,00 часот. Евентуално малку подоцна би било посоодветно.

**Љубиша Георгиевски:** Јас се договорив со господинот Тито Петковски, Фуере ќе држи еден говор кој ќе трае помалку од еден час, сигурно, се договорив јас да присуствувам на таа седница, со оглед на важноста на темата што ќе ја начне Фуере, тоа е планирано.

Утре во 12,00, а ако почнеме во 12,15 часот не е ништо страшно, тоа е сатницата, да не се расплинуваме многу оти ова е километарска седница, има 24 точки.

(Седницата прекина со работа во 16,08 часот)